РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-51/4
10-06-2021

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција за подносителот Проф. Др. --------- ------------- вработена во --------- ----------во ------------, Државната комисија за спречување на корупцијата(ДКСК) на 49-та седница одржана на ден 07.06.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12 - 4469 од 2019 година, оформен по пријава со бр. 12 - 4469/1 од 26.09.2019 година доставена од подносителот Проф. Др. --------- ------------- вработена во --------- ----------во ------------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-4469 од 2019 година, во предметниот случај постапиле други надлежни органи .

Предметот со број 12-4469 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12 - 4469 од 2019 година е оформен врз основа на пријава со бр. 12 - 4469/1 од 26.09.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), од подносителот Проф. Др. --------- ------------- вработена во --------- ----------во ------------.

Во доставената пријава изнесени се наводи за незадоволство од постапување институции во РСМ по пријавен случај за мобинг и други психички малтретирања на подносителот, како вработено лице во --------- ----------во ------------ како Универзитетски Професор на работно место вонреден професор на Факултетот за --------- -------------и --------------.

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барања до надлежни органи за информации и податоци во врска со предметниот случај. По барањата на Државната комисија доставени се известување со бараните информации со прилог документација и по разгледување на целокупната документација со која располага за предметниот случај, од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

- Во доставената пријава се наведува, дека подносителот проф. др. . --------- ------------- вработена во --------- ----------во ------------. во периодот од 2004 година до 11.03. 2015 година, кога било донесено Решение за откажување на договорот за нејзиното вработување затоа што сторила тежок дисциплински прекршок и неоправдано отсуство од работа. Подносителот смета дека работниот однос престанал поради тоа што врз неа се вршел мобинг, психички, затоа што била еден од членовите на научно – наставничкиот совет кои со

писмена жалба од 06.02.2013 година се обратиле до Ректоратот и Советот на Ректоратот заради несовесното работење на деканот --------- ---------- по однос на донесување на одлуки без да се консултира со наставно научниот совет.

Против донесеното Решение, од страна на подносителот -------- ----------, бил вложен приговор до Државниот универзитет, како и до Државниот просветен инспекторат на 19.03.2015 година, кој се изјаснил за ненадлежен во случајот и ја упатил по однос на проблематиката од делот на работен однос да се обрати до Државниот трудов инспекторат или остварувањето на правата да ги бара со постапка пред надлежен суд. По барање на подносителот постапил и трудовиот инспектор и бил извршен надзор на ден 11.06.2015 година, по што доставил известување во кое известува дека од увидот во документацијата било утврдено дека подолго време не се јавила на работа како и дека против подносителот три пати била покрената дисциплинска постапка и дека доколку смета дека се повредени правата може да поведе судска постапка.

Исто така, од страна на подносителот била покрената постапка пред Основниот суд во ------- по поднесена тужба по основ на работен спор и бил заведен судски спор во кој предметот го водела судија ------- - ----------, а во кој на 14.03.2016 година било донесено Решение со кое тужбата била отфрлена, со образложение дека била водена дисциплинска постапка која тужителката ја прифатила и за која сметала дека требало да помине само со парична казна а не со отказно решение, но видно од приложените докази било дека таа не се јавила кога била повикана од дисциплинската комисија по што следел отказот. На оваа пресуда била вложена жалба до Апелациониот суд во ---------, кој на 07.10.2016 година донел Решение со кое делумно ја уважил жалбата, а решението на Основниот суд го потврдил и го преиначил но, по однос на намалување на судските трошоци во врска со задолжението на тужителот .

Во врска со овој случај на ден 15.03.2018 од страна на подносителот била поднесена пријава до СВР секторот за економски и организиран криминал во Скопје за мобинг и други психички малтретирања во работното место како Универзитетски Професор и тоа во наставно звање Вонреден Професор на Факултетот за --------- ------------и----------- при Државниот Универзитет во -----------. Од страна на СВР секторот за економски криминал по однос на пријавениот случај бил оформен предмет кој што требало да го води обвинителот ------ ---------- - Основен Суд --------- а подносителот бил повикан од страна на обвинителот во својство на сведок на 30 јануари 2019 година.

Подносителот ја доставува оваа пријава до ДКСК поради тоа што до денот на поднесувањето на пријавата на сите барања поднесени од негова страна во писмена форма не било одговорено што според подносителот значело дека во оваа институција има тотален молк на администрацијата, па се надева дека ДКСК ќе постапи за нејзиниот случај и како доказен материјал до ДКСК доставува документација во врска со истиот.

-На ден 27.11.2020 година, по барање на ДКСК доставено е известување од СВР - Единица за економски и компјутерски криминал во Скопје со кое се известува по извршени проверки во служените евиденции на СВР-Скопје „Единица за економски и компјутерски криминал", било констатирано дека предметната пријава од страна на Професор д-р Сузана Алиу не евидирала во евиденциите на наведената единица.

-На ден 05.01.2021 година, по барање на ДКСК доставено е известување од Основното јавно обвинителство во ---------- со кое се известува дека по извршениот увид во сите уписници во ова основно јавно обвинителство не биле најдени записи по однос на поднесена пријава од страна на ------- --------- вонреден професор на Факултетот за -------- ---------- и ------- при ----- -----------.

- По барање на ДКСК, на ден 29.01.20201 година, доставено е известување од Основното јавно обвинителство во -------со кое во прилог се доставува Предмет РО бр.------, а од извршениот увид во приложената документација констатирано е дека,

*доставениот предметот бил оформен по доставено известување од СВР -------- кое до ова основно јавно обвинителство било доставено на ден 21.01.2019 година, а во врска со пријава поднесена од лицето --------------- за мобинг и други психички малтретирања на работно место универзитетски професор на Факултетот за -------- ---------- и ------- при ----- -----------.;

*на ден 04.02.2019 година, од страна на јавниот обвинител кај кого предметот бил распределен за работа, било повикано лицето и бил составен записник за испитување на сведок;

*по приемот и проучувањето на пријават, наводите во истата како и од записникот за испитување на сведок, ОЈО -------- одлучило да донесе резолуција - нема основ за поведување на кривична постапка, од причина што од страна на Државниот просветен инспекторат не била утврдена повреда со откажувањето на договорот за работа, а воедно од страна на Основниот суд ------- било донесено решение од 14.03.2016 година со кое била отфрлена тужбата на подносителот , а кое решение било потврдено и од Апелациониот суд --------- , на ден 07.10.2016 година, што значело дека во случајот не постоеле основи на сомнение за сторено кривично дело;

*за предметната пријава било постапено и од страна на Вишото јавно обвинителство ------- - бил направен увид во предметот РО бр.----- по кој постапувал ОЈО -------, по што предметот со сите списи со допис нивен број --------- од 27.08.2019 година бил вратен на надлежност и постапување на ОЈО -------- , каде бил примен на 29.08.2019 година.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во предметниот случај станува збор за прашање од проблематиката од делот на работен однос за кое од страна на подносителот на пријавата биле искористени сите расположливи правни лекови односно, биле поведени постапки пред други органи кои се надлежни да постапуваат за истата - Државниот просветен инспекторат и Државниот трудов инспекторат, а воедно за конкретниот случај по тужба поднесена од подносителот била заведен судски спор и била водена постапка пред Основниот суд ------- и Апелациониот суд -------, а исто така за овој случај било постапено и од страна на Основно јавно обвинителство ------- и Вишото јавно обвинителство -------, и од страна на сите органи кои постапиле биле донесени решенија и одлуки во рамките на нивните законски надлежности. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до : Архива и Подносителот

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц.
Одобрил : Г.Т.,член на ДКСК